# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2402-142/4 од 9 септември 2014 год. донесена на 109. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 9 септември 2014 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научните области *турски јазик* и *книжевност* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во состав на:

– проф. д-р Севин Алил – претседател, вонреден професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
– проф. д-р Фадил Хоџа – член, вонреден професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
– проф. д-р Јованка Денкова – член, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Утрински весник’’ на 23 август 2014 година за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област *турски јазик и книжевност*. Во предвидениот рок се пријавил кандидатот д-р Махмут Челик – доктор на филолошки науки, вработен како доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија. Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет му го поднесуваме следниов извештај

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Махмут Челик** е роден на 3 октомври 1967 г. во Врапчиште. Во 1995 година дипломира на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за турски јазик и книжевност, и се стекнува со право на стручен назив професор по турски јазик и книжевност. Во 2002 година го одбранува магистерскиот труд „*Општ преглед врз турската детска литература во Македонија и во Бугарија*“ на Пловдивскиот универзитет, Институт „Лубен Каравелов’’ - Кирџали, Република Бугарија и се стекнува со стручен назив магистер по туркологија. Во 2009 година ја одбранува докторската дисертација под наслов „*Критички осврт кон расказите за деца од турската литература на првата повоена генерација во Македонија*“, на Катедрата по турски јазик и книжевност при Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје и се здоби со научен степен доктор на филолошки науки.

Првото искуство во образованието го стекнува како наставник во основното училиште „Јане Сандански’’ во Скопје од 1996 до 1998 година. Од 1997 година го продолжува да работи во гостиварската општинска гимназија како професор по турски јазик и книжевност. Во истата гимназија 2004-2006 година станува заменик-директор. По завршување на мандатот продолжува повторно да работи како професор во истата гимназија до 2009 година. Од 2009 година по докторирањето се вработува како доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а истовремено ги извршува сите активности на местото раководител на Катедрата по турски јазик и книжевност, а воедно бил назначен од страна на ректорот на УГД – Штип како координатор за странски студенти од 2010-2012 година. Во периодот од 2011 до 2013 бил член на Сенат при УГД. Од 2010 година предава на додипломските студии по група предмети од подрачјето на туркологијата, и тоа: Стара турска книжевност 1 и 2, Турска народна книжевност 1 и 2, Современа турска книжевност 1 и 2, Турска детска книжевност 1 и 2, Теорија на методиката на наставата по турски јазик

и книжевност, Методика на наставата по турски јазик и книжевност, Турски јазик 1 и 2.

Учествува во изработката на студиските програми за акредитација за додипломски и постдипмомски студии и од започнувањето на вториот циклус студии активно учествува во изведување на наставата по предметите: Историјата на турската книжевност, Турска митологија и фолклор, Поезија и проза на современата турска книжевност и Споредбена книжевност. Од 2012 до 2014 година бил поканет како надворешен наставник за изведување на наставата по Методика на наставата по турски јазик, Турски јазик со култура на изразувањето 1 и 2, и Литература за деца 1 и 2 и Креативна литература на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Автор е на неколку десетици трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, на повеќе печатени научни и стручни трудови објавени во реномирани меѓународни списанија и значаен дел од неговите трудови се публикувани од реномирани издавачи во државата и надвор од државата. Помошен-уредник е на меѓународно списание ХИКМЕТ и е член на Издавачки совет на Годишен зборник на Филолошки факултет при УГД, Штип.

**Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

Д-р Махмут Челик на 16 март 2010 година е избран во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област турски јазик и книжевност со Одлука (бр. 2402-49/10) на ННС на Филолошки факултет при УГД).

1. ***Објавени најмалку седум научноистражувачки трудови во соодветната област, од кои најмалку пет во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:***

**МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА**

| ***МЕГУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. на излегување на списанието |
| 1. | Mahmut Celik | Makedonya Türk Hikayelerinde Çocukların Sosyalleşmesi | HİKMET-yıl 10, sayı 19, Mayis 2012\1, sayf, 77-82. Gostivar. 2012 (меѓународно списание) | X |
| 2. | Mahmut Celik | Atatürk'ün Çocuk Sevgisi | HİKMET sayı / No:20, Kasım 2012/2, sayf. 29-36,Yıl,2012Gostivar. (меѓународно списание) | X |
| 3. | Mahmut Celik | Milli Şairimiz Mehmet Akif Ersoy'un Türk Kimliği Hakkında | HİKMET UDC:821.512.161.09, sayı21. Mayıs, 2013/1 Gostivar. 2012 sayf. 54-65 (меѓународно списание) | XI |
| 4. | Mahmut Celik | Makedonya- İştip Türk Dili ve Edebiyatı Bölümü Tarihçesi | HİKMET UDC:378.046021.68 sayı 22.Kasım 2013/2 Gostivar. sayf.86-95. 2012 (меѓународно списание) | XI |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Mahmut Celik | Makedonya'da Çocuk Edebiyatı Ve Çocuk Gelişimi | HİKMET- UDC: 82-93.09 sayı 23. Yıl 2014/1,sayf. 74-81,Gostivar (меѓународно списание) | XII |
| 6. | Mahmut Celik | Makedonya Türkleri Tarafından Söylenen Düğün Türküleri | BAL-TAM Türklük Bilgisi Dergisi. ISSN 1452-2179. Sayı 19, say, 323-330, Eylül 2013,Prizren. (меѓународно списание) | X |
| 7. | Махмут И. Челик | Представе о различитом у турским причама за децу у Републици Македонији | Детињство часопис о књижевности за децу, ISSN 0350-5286, бр. 2, лето 2013. стр.96-100, Нови Сад | XXXIX |

***2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Махмут Челик во 2010 година е избран во редовен работен однос на новоотворената Група за турски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. На 16 март 2010 година е избран во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област турски јазик и книжевност со Одлука (2402-49/10) на ННС на Филолошки факултет.

***2.1. Оценка на научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатот што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање***

Кандидатот д-р Махмут Челик пријавил голем корпус на објавени и презентирани трудови. Во продолжение овие трудови се дадени со куса евалуација за секој труд.

**I. Превод на учебник**

1.Милутин Ђуричковић, Махмут Челик, „Пуне руке радости”, ISBN 978-86-6421-000-3, Рашка Школа Београд, Алфеус Арт Београд-Краљево, 2014.

Во книгата „Пуне руке радости” авторот во оваа книга е своевиден колаж на турската поезија за деца од почетокот на 20 век до денес. Со оглед на фактот што извира од народните епови, басните, народните умотворби и песни, на почетокот се дадени неколку народни песни и загатки кои им се обраќаат на најмладите.

**II. Позитивно рецензирана електронска скрипта**

2.Махмут Челик, „Турска книжевност за деца“, ISBN 978-608-244-082-8, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, 2014

При составувањето на ракописот, авторот имал за цел да вклучи содржини кои се од особена важност во едукацијата на идните наставници по турски јазик во основното и во средното образование. Меѓу другото, елаборира теоретските поставки во книжевноста за деца го презентира фолклорни народни жанрови наменети на младите читатели, дава кус опис за развојот на детската книжевност во светот и др. Овој учебник сметаме дека ќе го придонесе да се согледа подемот на детската литература на турската заедница во Република Македонија и да ја валоризира општествената, културната и образовната тематска димензија на литературата на оваа заедница. Исто така, да ја покаже и непрекинливата книжевна врска на турската литература со литературата на другите заедници во Република Македонија.

**III. Позитивно рецензиран електронски практикум**

3. Махмут Челик, „Практикум по турската книжевност за деца“ ISBN 978-608-244-082-8, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, 2014

При составување на практикумот авторот имал за цел да вклучи содржини кои се од особена важност во едукација на идните наставници по турски јазик во основното и во средното образование. Практикумот има неколку поглавја: литературни жанрови за деца (раскази, театарски престави, песни-поезии, брзозборки, броеници, сказни, гатанки, епови и др.) сите овие жанрови ги елаборира практичните поставки во книжевноста за деца дадени преку примери од современата детска литература во Турција и во Македонија која е составен дел од општата литературна уметност.

**IV Трудови со оригинални научни резултати, објавени во домашно научно списание**

4. Махмут Челик „Инспиративното и лажното во расказите за деца на првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија’’ УГД. Годишен зборник, ISSN 1857-779, стр. 65-72, Штип, 2010.

Во ова студија авторот укажува на испреплетеноста на реалистичните и фантастичните елементи во современата турска детска литература во Македонија. Обрнува внимание на тоа дека кај првата повоена генерација на турски писатели на духот на заедништвото писателите за деца колку што се повозрасни толку е поизразена карактеристиката на лажното, а во творештвото кај помладите е поизразена инспирацијата. Го анализира прашањето за мотивацијата за создавање раскази за деца кај првата повоена генерација турски писатели. Го разгледува и придонесот на периодичните публикации за деца на турски јазик во Македонија. Го потенцира и негувањето на духот на заедништвото кај децата. Иако зборуваат на различни јазици, тоа не им пречи добро да се согласуваат, а во игрите да бидат единствени.

5.Јованка Денкова, Махмут Челик „Злобната жена во македонските народни семејни песни и во македонската народна балада’’, УГД. Годишен зборник, ISSN 1857-7059, стр.73-81, Штип, 2011.

Во трудот „Злобната жена во македонските народни семејни песни и македонската народна балада“ авторот го разгледува ликот на жената во македонската народна поезија. Најчесто, жената е прикажана во позитивна улога. Меѓутоа, има и примери во кои доаѓа до израз нејзината мрачна страна. Притоа, се издвојуваат семејните лирски песни и баладите за лични и семејни односи, во кои најчест мрачен лик на жена е ликот на лошата маќеа, сестрата-убиец на својот брат или сестра, мајката-убиец итн.

6. Махмут Челик, Јованка Денкова „Децата на турската заедница и турското народно творештво во Република Македонија’’, УГД. Годишен зборник, ISSN 1857-7059, стр. 37-41, Штип 2011.

Во овој труд „Децата на турската заедница и турското народно творештво во Република Македонија“ авторите се осврнуваат на турското народно творештво за децата од турската заедница во Р.Македонија. Овој дел сè уште не е доволно истражен и во нивно отсуство се поттикнува развивање на чувството за убавините на фолклорот кај децата, преку нивно ангажирање за собирачка дејност, во најмала рака – во рамките на семејството.

7.Махмут Челик, Јованка Денкова „творештвото на Усејин Сулејман во контекст на целокупната турска книжевност’’, УГД. Годишен зборник, ISSN 1857-7059, УДК: 821.512.161(497.7)-93.09, стр. 217-221, Штип, 2012.

Во трудот „Творештвото на Хусејин Сулејман во контекст на целокупната книжевност за деца“ се разработува прашањето за некои општи одлики на творештвото за деца кај турските писатели. Имено, расказите за деца на првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија се со воспитно-дидактички карактер, а една од најсиромашните страни на расказите за деца на првата генерација турски писатели во Република Македонија е отсуството на фантазија во нив.

8.Јованка Денкова, Махмут Челик „Очерки Белграда, од Константин Петкович-автентично сведоштво за мешањето на културите на Балканот'', УГД. Годишен Зборник, ISSN 1857-7059, УДК: 821.163.3-992(049.3), стр: 197-201, Штип, 2012.

Во трудот „Очерки Белграда“ од Константин Петкович – автентично сведоштво за мешањето на културите на Балканот“ се разгледува патописот „Очерки Белграда“ од Константин Петкович, создаден непосредно по неговото дипломирање кај познатиот руски славист И.И. Срезневски. Овој негов труд е израз на писателовото одушевување од просветителските идеи кои биле широко распространети низ тогашна Европа. Како и кај сите европски познати просветители, па и кај македонските, така и Константин Петкович почувствува потреба и желба да се евидентира состојбата од соживотот во една мултикултурна средина, каква што во тоа време беше Белград, со измешано муслиманско и христијанско население.

9.Махмут Челик, „Животното дело на Шукри Рамо'', УГД. Годишен зборник, ISSN 1857-7059, стр. 103-107, Штип, 2013.

Во оваа студија авторот дава осврт за животот и за делото на писателот. Прави критичко-есеистичка анализа врз расказите за деца на Шукри Рамо. Посебно е значајна токму поетската компонента во расказите за деца, во кои мошне тешко се распознаваат границите на поетското и стандардно прозното. Овде се нагласува дека Шукри Рамо е писател на првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија, кој во повеќето свои раскази уметничкиот израз свесно го жртвува за сметка на идејноста по секоја цена, водејќи се од крутата мисла дека особено литературата за деца треба да воспитува во духот на братството и единството.

**V Трудови со оригинални научни резултати, објавени во странско научно списание, зборник**

10. Violeta Dimova, Mahmut Celik, “The method of aesthetic communication, a basis for the communication: student – literary work – teacher” VI. Балкански конгрес за образование и наука, Зборник на трудови, ISBN 978-9989-823-33-6, стр:1245-1251, Skopje 2011.

Модерниот наставник е опишан како наставник „скроен за ученикот“. Ова значи дека напорите на наставникот како индивидуалец, како и како важна клетка во севкупниот образовен курикулум се насочени директно кон откривање соодветни пристапи за: 1.Комуникација со ученикот - предмет на образовниот процес. 2. Комуникација со ученикот - предмет на процесот на воспитување и 3. Комуникација меѓу ученикот и литературното дело - објект на образовното истражување. Методот на естетска комуникација се анализира во сите три сегменти, како еден од клучните методи за изнаоѓање на патот до „умот и срцето“ на студентот.

11. Махмут И. Челик, „Представе о различитом у турским причама за децу у Републици Македонији'', Детињство часопис о књижевности за децу, ISSN 0350-5286, Год XXXIX Бр. 2, лето 2013, стр. 96-100, Нови Сад

Авторот во овој труд дава поопширно објаснување дека во расказите за деца на турските писатели во Македонија не постои никаква разлика меѓу децата од другите националности, што значи дека во Македонија се различни јазикот, верата или расата, но темите во расказите за деца треба да ги обединуваат, а не да ги разделуваат децата од различно етничко потекло. Посебно значење се даваат за единството и соживотот меѓу граѓаните на Република Македонија тоа е прикажано убедливо, преку уметнички дизајнирани и презентирани ликови и настани во делата на турските писатели за деца.

12.Јованка Денкова, Махмут Челик „Митолошките елементи во македонската научна фантастика книжевност за деца и млади'', тематски зборник, стр. 331-338, Учитељски факултет - Врање, 2013.

Во овој труд авторот дава осврт на присуството на митолошките елементи во македонската современа научнофантастична книжевност за деца и млади. На прво место ги става когнитивните елементи, грижата за колективната судбина на племињата или

заедниците, потоа техничкиот утилитаризам или средствата кои ги користи јунакот за да ја олесни неговата идеа. Потоа темата за цикличното уништување и обновување на Космосот.

13.Махмут Челик, Јованка Денкова „Критичко-есистички осврт врз делата на Шукру Рамо'', тематски зборник, стр. 39-45, Учитељски факултет - Врање, 2013.

Во оваа студија авторот дава критичко-есеистички осврт врз расказите за деца на Шукри Рамо. Го нагласува дека во повеќето свои раскази уметничкиот израз свесно го жртвува за сметка на идејноста по секоја цена. Настаните во неговите дела се компонирани во рамките на одделни вистини. Најчесто тоа се застарени и надживеани односи, обичаи и навики, над кои Шукру Рамо се сожалува, но постојат и некои обичаи кон кои Рамо се однесува со посебна почит и респект.

14.Махмут Челик, Јованка Денкова „Естетското доживување во расказите за деца'', Зборник радова са Осмог симпозјума „Васпитач у 21 веку'', ISBN 978-86-7746-3670, UDK 82-93-36.0:111.852, стр: 476-481, Алексинац, 2013.

Во трудот „Естетското доживување во расказите за деца" се разработува прашањето за влијанието на расказите за деца врз градење и негување на естетското чувство кај децата. Низ расказите детето сфаќа многу настани и ликови кои ќе го инспирираат на активно дејствување, не само во семејството, туку и во училиштето.

15.Јованка Денкова, Махмут Челик „Парабола за самоодржувањето опстанокот'' Зборник радова са Осмог симпозјума „Васпитач у 21 веку'', ISBN 978-86-7746-367-0, UDK 821.163.3-93-31.09, стр: 482-490, Алексинац 2013.

Во трудот „Парабола за самоодржувањето и опстанокот" авторот разгледува еден современ македонски роман за деца и млади кој е интересен во смисла на неговата дидактичка цел. Поуката во ова дело е суптилно изразена, низ сликање на животот на еден див јарец и сите искушенија и препреки со кои се соочува во својот долг живот на планината. Овој труд го истражува и односот на мајката и детето, улогата на мајката во созревањето на децата, во случај кога таткото е отсутен.

16. Махмут Челик, Јованка Денкова „Особености на расказите за деца од првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија", Zbornik radova s međunarodnoga znanstvenoga skupa, Zlatni Danci 15, Suvremena djecja knjizevnost, ISBN: 978-953-314-071-1, UDK 821.512.161 (497. 17)09-93-32=163.3, стр. 143-149, Filozofski fakultet, Osijek, 2014.

Во овој труд авторот дава осврт на расказите за деца на првата повоена генерација турски писатели во Р. Македонија, ги анализира нивните основни карактеристики и причините што влијаеле на изборот на нивните теми. Творештвото во тој период беше отежнато поради немање на претходни примери, отсуство на богата светска, југословенска и турска детска литература во Македонија, како и немање на контакти со Р. Турција.

17.Јованка Денкова, Махмут Челик „Ликот на роботот во македонската научнофантастична литература за деца", Zbornik radova s međunarodnoga znanstvenoga skupa, Zlatni danci 15, suvremena djecja knjizevnost, ISBN: 978-953-314-071-1, UDK 821.163.3.09-93, стр: 27-33, Filozofski fakultet Osijek 2014.

Во овој труд се разгледува прашањето за ликот на роботот во современата македонска книжевност за деца и млади. Тоа се прави преку неколку аспекти и притоа се разгледува улогата на роботот во животот на луѓето како помошник, другар, пријател во учењето, но и првата појава на недоверба кон роботите изразена како сомнеж во нивните емоционални реакции во случај на ненадејна опасност по животот на луѓето, за, на крај, да се изрази отворена нетрпеливост кон роботите, кои постепено, но сигурно, сакаат да ја преземат улогата на својот создател - човекот.

18. Махмут И. Челик, Јованка Д. Денкова, „Поетското во книгата раскази полски цвет од Шукри Рамо'', Књижевност за децу и омладину - науке и наставе, посебно издања, 15, Зборник радова са научног скупа, ISBN 978-86-7604-085-8, стр. 367-373, Јагодина, 2012.

Во овој труд авторот го прави скромен обид за истакнување на поетското во прозните остварувања на Шукри Рамо. Посебно значајна во овој труд е токму поетската компонента во неговите раскази за деца, во кои мошне тешко се распознаваат границите на поетското и стандардно прозното.

19.Јованка Д. Денкова, Махмут И. Челик, „Колодиевски тип на фантастиката во македонската литература за деца'', Књижевност за децу и омладину - науке и наставе, посебно издања, 15, Зборник радова са научног скупа, ISBN 978-86-7604-085-8, стр. 361-366, Јагодина, 2012.

Авторот во овој труд се разгледува прашањето за фантастиката во македонската литература за деца. Притоа, се обрнува внимание на оној тип фантастика познат како колодиевска фантастика, затоа што во неа главен акцент се става на оживотворувањето на предметите, појавите, играчките и животните, како одлика на чудесното.

20.Mahmut Celik, Jovanka Denkova, „Dijete, obrazovanje i literature" Zbornik radova s medunarodnoga znanstvenoga skupa, Zlatni Danci 13, suvremena djecja knjizevnost, ISBN: 978-953-314-048-3, str: 7-12 Filozofski fakultet Osijek 2012.

Во трудот „Детето, образованието и литературата" авторот го разгледува овој однос и притоа се укажува дека тој однос има исклучително значење, но и исто толкава одговорност, бидејќи детето претставува најголем залог за подобрата и поблагопријатна иднина на секој народ и земја. Затоа, секое цивилизирано општество, односно заедница, е должна да создаде соодветни услови за правилно воспитание и развој на секое дете, без разлика на нацијата, религијата, расата и други негови особености. Секое дете треба да добие еднакви можности и шанса во однос на неговото образование и општ развој. Бидејќи, доживувањата на детето во детството длабоко се врежуваат во неговата душа, што подоцна се одразува врз неговиот однос и во општеството. Во тој поглед исто мислат речиси сите истражувачи на образованието на детето во светот.

**VI Речник**

20.Толе Белчев, Махмут Челик, „Македонско-турски разговорник со изговор'', УГД Штип, 2011.

Овој разговорник како основна карактеристика е да може секој поединец самостојно да се употребува во изучувањето на турскиот и на македонскиот јазик, но и како помошна книга што може да се применува како практикум во организираната настава за изучување на турскиот и на македонскиот јазик. Во ова книга се приложени и основните принципи, според кои е подготвен „Македонско-турски разговорник" од авторите.

**VII. Трудови во стручни (научно-популарни) списанија во странство**

21.Mahmut Celik „Makedonya Türkleri Tarafından Söylenen Düğün Türküleri" BAL-TAM Türklük Bilgisi Dergisi. ISSN 1452-2179. Sayı 19 Eylül 2013, say: 323-330, Prizren.

Авторот во овој труд дава општ опис за свадбарски народни песни испеани од страна на Турците во Македонија. За време на 5-6 век, Турците, главно оние на Балканскиот Полуостров, што биле под влијание на материјалните и духово-моралните услови во Македонија, развиле богата литература и култура. Оваа литература и култура, во животите на Турците во тоа време опфаќајќи ги нивните обичаи и традиции се рефлектирал на нивниот општествен живот. Авторот меѓу другото укажува дека со ова фолклорна литература на ова поднебје, се издигнати на највисоко ниво. Исто така, авторот укажува дека оваа разновидна и богата литература, за жал од многу причини не е доволно истражена и разработена.

**VIII. Трудови објавени во зборници на трудови на научен собир во странство**

22.Mahmut Celik, Violeta Dimova, Biljana Ivanovska, „Motives for socialization, sociability and other positive characteristics in children's stories" III. WCES 2012, str: 22-25, Procedia-Sosial and Behavioral Sciences, ELSEVIER, Barselona-Spain, 2012.

Трудот обработува теми од литературата за деца и ја подржува фантазијата на децата, нивната потреба за пријателство и љубов. Ставовите на авторите се совпаѓаат со оние на писателите кои живеат и творат во Р. Македонија и го промовираат изучувањето на странскиот јазик преку литературата. Трудот е печатен од реномираната издавачка куќа Elsevier Publishing House во Procedia-Social and Behavioral Sciences.

23.Biljana Ivanovska, Nina Daskalovska, Mahmut Celik, „A contrastive analysis in the meaning of the linguistic units in the contemporary German and Makedonian language" III. WCES 2012, str: 1198-1202, Procedia-Sosial and Behavioral Sciences, ELSEVIER, Barselona 2012.

Во трудот се опишуваат разликите и сличностите во значењето на лексичките единици во современиот стандарден германски и македонски јазик. Се разгледуваат заедничките особености и разлики на јазичните единици на речиси секое ниво од лингвистиката (морфолошко, лексиколошко и семантичко ниво) во двата споменати јазични система. Се прикажуваат проблеми од транслатологијата.

**IX Одржани предавања**

24.Махмут Челик, "Makedonya'da Türkçe Eğitim" İkinci Türkçe Çalıştayı, Втор семинар за турски јазик Организирана од страна на турски културен центар „Јунус Емре'', во Скопје, 2012.

Семинарот за турски јазик беше поделен во четири секции на кои се предаваше и дискутираше за турскиот јазик и турското образование. Махмут Челик на овој семинар одржа предавање за турското образование во времето на турското владеење и по турското владеење, сè до денес во Република Македонија.

**X Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија опфатени во (СЦИ/ЦА/останати)**

25. Mahmut Celik "Makedonya Türk Hikayelerinde Çocukların Sosyalleşmesi." İlmi araştırma dergisi, HİKMET, ISSN 1857-5935, yil 10, sayı 19, Mayis 2012\1, say: 77-82, Gostivar. 2012.

Авторот во овој труд дава општ преглед за социјализацијата на децата во Македонија преку турските раскази. Сите објекти од опкружувањето на децата кај нив го развива чувството за естетика. Според заплетот на настаните во расказите, како и ликовите кои земаат улога во расказите инспирирајќи ги децата, се однесуваат пријателски и се мотивираат да се однесуваат природно посебно во Република Македонија чие општество е мешавина на различни јазици, религии и раси. Без разлика на различностите помеѓу нив, настаните и личностите треба да се рефлектираат врз децата на еден естетски начин кој нема само табеларно да ги претставува разликите меѓу народите, туку ќе ги насочува децата на правилниот пат и правилниот начин на живот во една мултиетничка држава.

26. Mahmut Celik "Atatürk'ün Çocuk Sevgisi" İlmi araştırma dergisi, HİKMET, ISSN 1857-5935, Yıl 10 say 20, Kasım 2012/2 say:29-36, Gostivar. 2012

Во овој труд авторот го прикажува Ататурккова лубов кон децата не само во Турција туку во целиот свет. Љубовта која Ататурк ја негувал кон децата, за жал, многу малку била откриена во турската литературата. Авторот напомнува дека повеќето писатели во Турција Ататурк го прикажуваат како голем водач во војната за независност и реформатор за модерна Турција. Од илјадниците напишани книги за неговите војни, бројот на книгите со теми поврзани за децата сведени се само неколку.

27.Mahmut Celik "Milli Şairimiz Mehmet Akif Ersoy'un Türk Kimliği Hakkında" Uluslararası hakemli ilmi araştırma dergisi HİKMET" ISSN 1857-5935, UDC: 821.512.161.09. Yıl 11. sayı 21. Mayis 2013/1, say. 54-65, Gostivar

Во овој труд, Авторот наидува на некои погрешно изработени трудови за народниот и национален поет Мехмед Акиф Ерсој. Во содржината на неговите дела, се забележува дека секогаш раскажувајќи, ги возвишува Турците, т.е. турскиот народ. Во врска со турскиот идентитет, без разлика дали е песната „Берлински сеќавања“(Berlin Hatırası) или во „Прошетка во Јапонија“, колку и да се гледа на германскиот и јапонскиот народ како напредни народи, авторот покажува дека Мехмет Акиф никогаш не прави отстапки, т.е. не се откажува од турскиот национализам, т.е. идентитет.

28. Mahmut Celik “Makedonya- İştip Türk Dili ve Edebiyatı Bölümü Tarihçesi” Uluslararası hakemli ilmi araştırma dergisi HİKMET” ISSN 1857-5935, UDC 378.046-021.68 (497.731) “2012/13” 11. sayı 22. Kasim 2013/2 say. 86-95, Gostivar.

Авторот во овој труд дава кус преглед за Источна Македонија и за градот Штип. Во воведниот дел дава поопширна слика за Универзитетот „Гоце Делчев’’ и за Катедрата по турски јазик и книжевност, за кадарот, за наставната програма, за цели и идеи на таа катедра. Во целост дава една јасна слика за Катедрата од 2009 г., па сè до 2014 година.

29.Mahmut Celik “Makedonya’da Çocuk Edebiyatı ve Çocuk Gelişimi” Uluslararası hakemli ilmi araştırma dergisi HİKMET” ISSN 1857-5935, UDC: 82-93.09 Yıl 12, sayı 23. Mayis 2014/1 say. 74-81, Gostivar.

За поимот детска литература до ден-денес сè уште не е направена една јасна дефиниција утврдува авторот. Во овој труд, меѓу другото, авторот објаснувајќи ја дефиницијата за децата, веднаш во себе го поставува прашањето, што е всушност детето? Во разјаснувањето на концептот на детската литература, спрема авторот има два главни поими: едниот е детето, а другиот е литературата. Од концептот на детската литературата, според начинот на кој се насочуваат децата може да се увидат темите кои ги обработува литературата. Всушност, детето е камен-темелник на сè, т.е. камен-темелник во разработка на темите. Постојат многу различни дефиниции во врска со децата и детската литература. Разјаснување на овие два поима во нивна суштина. Потоа разработува на толкување на децата и детската литература, како и карактеристиките за нејзиното постоење.

**XI Поважни изборни и други функции и членство (по нејзиниот избор во доцент)**

1. Член на Универзитетски сенат – еден мандат (од 2011 до 2013).
2. Член на уредувачки одбор на стручното списание „Годишен зборник на Филолошки факултет при УГД“.
3. Член на Уредувачки одбор на меѓународното списание „HIKMET”.
4. Член на Комисија за признавање на испити од други факултети.
5. Член на Рецензентска комисија за избор во звањето насловен доцент.
6. Член на Рецензентска комисија за објавување на скрипта.
7. Член на Рецензентска комисија за објавување на практикум.
8. Комисија за изработка на елаборат за постдипломски (мастер) студии и усогласување на наставни планови и содржини за Катедрата по турски јазик и книжевност.
9. Член на Комисија за комисиско полагање на испити на група предмети во рамките на ФФ при УГД.
10. Член на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд на Институтот за национална историја при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
11. Член на Рецензентска комисија за одбрана на докторска теза на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
12. Член во Управниот одбор на Турската невладина организација “MATUSITEB”.
13. Член во Управниот одбор во асоцијацијата за турската култура и образование „АДЕКСАМ“.
14. Наставно-научен совет на Филолошки факултет.
15. Координатор за студирање на странските студенти при Универзитет УГД.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија со огромно задоволство констатира дека кандидатот д-р Махмут Челик од неговиот избор во доцент сѐ досега е профилиран во извонреден професионалец, наставник и научник, и дека ја оправдува довербата која му била дадена на претходниот избор. Тој е одличен наставник, научен работник, турколог, преведувач, кој има голем придонес во развојот на македонската туркологија и преведувачка наука. Неговата улога во заживувањето, одржувањето и развојот на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е неспорно многу голема.

Д-р Махмут Челик е ценет не само во нашата држава, туку и во Република Турција, како и пошироко на Балканот и другите земји.

За неговиот квалитет зборуваат големиот број трудови објавени во домашни и странски публикации, како и неговите усни презентации, во земјава и во странство.

Д-р Махмут Челик во целост и доследно ги исполнува сите критериуми на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор во звањето вонреден професор. Поради сето ова, **Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и д-р Махмут Челик да го избере за наставник во наставно- научно звање вонреден професор за наставно-научната област турски јазик и книжевност (61226 друго)**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Севин Алил, претседател, вонреден професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Фадил Хоџа, член, вонреден професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Денкова, член, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.**

## ПРИЛОГ 1 - ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Табела за вреднување на активностите на д-р Махмут Челик во изборниот период од март 2010 до септември 2014 година (од моментот на избор во доцент), според критериумите дадени во Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| | Наставно-образовна дејност (избран во звање доцент) | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1** | Книга | 2 | 10 | 1 | 15 | 35 |
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно меѓународно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 5 | 3 | | | 15 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир | 6 | 1 | 11 | 2 | 28 |
| **8.** | Одржано предавање по покана на научна институција во земјава | 2 | 2 | | | 4 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (усно) во земјава и во странство | 2 | 1,5 | 20 | 2 | 43 |
| **15.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 4 | | | 4 |
| **19.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир | 3 | 1 | | | 3 |
| **23.** | Рецензент на научен труд | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **3.** | Речник | 1 | 4 | | | 4 |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 5 | 2 | 1 | 6 | 16 |
| **6** | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир | | | 2 | 3 | 6 |
| **7.** | Пленарно предавање на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| **10.** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 2 | 0,5 | | | 1 |
| **27.** | Член на универзитетски тела | 1 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **204** |